

**Голи Оток**

Страшимир (Мире) Анастасов - Ристо (9 X.1910 - 1998) е македонски комунист, учесник во Народноослободителната борба. Близок бил со Павел Шатев и чија иницијатива, за време на бугарската окупација на Македонија во Втората светска војна, се преселил во Софија, каде бил вклучен во активностите на советската разузнавачка служба. Во 1949 година бил уапсен и обвинет како информбировец, а казната ја издржувал во логорот Голи Оток. Според извештајот на ЦИА од 1949 година Мире бил „верен син на работничката класа и македонскиот народ“.

Страшимир (Мире) Анастасов е роден на 9 октомври 1910 година во Кратово.

Во 1927 година станал член на СКОЈ (Сојузот на комунистичката младина на Југославија) и раководел со локалната организација во Куманово. Во наредната година станал член на КПЈ (Југословенската комунистичка партија).

Во 1929 година била провалена партиската организација во Македонија и Анастасов бил уапсен и затворен. Меѓу 1934 – 1935 година, Анастасов повторно бил затворен, Тој бил осуден на 3 години затвор кој ги издржувал во Сремска Митровица, каде коминистичкото раководство се поделило на два дела. Првото ги застапувало ставовите на Петко Милетиќ, а второто на Јосип Броз Тито. По излегувањето Анастасов бил привремено суспендиран поради ставот во врска со ликвидацијата на фракцијата на Петко Милетиќ.

За време на Втората светска војна и бугарската окупацијата на Македонија, на иницијатива на Павел Шатев кој му бил близок пријател, Анастасов се преслил во Софија. Таму бил вклучен во активностите на советската разузнавачка служба. Во 1943 година бил осуден на смрт од страна на „бугарскиот монархистичко-фашистичкиот суд“, но подоцна казната му била преиначена во доживотен затвор.

Меѓутоа, по превратот во Бугарија, извршен на 9 септември 1944 година, Атанасов бил ослободен и станал политички комесар на бригадата „Гоце Делчев“. формирана на 11 септември (официјално 14 X. 1944). Бригадата која броела околу 4900 борци била формирана од Македонци во Бугарската армија и од доброволци од македонската емиграција во Бугарија, главно студенти и ученици. Веднаш по формирањето, баталјон по баталјон биле упатувани во Македонија. По кратко време била расформирана, а постојните борци биле прерасподелени во Деветнаесеттата, Дваесеттата и Дваесет и првата македонска НО бригада, кои дејствувале во завршните операции за ослободување на Брегалничкиот и Струмичкиот регион.

На 26 октомври 1944 година Атанасов бил повикан да земе учество во управување со идната република, а на 27 октомври 1944 година бил кооптиран за член на АСНОМ и се вклучил во неговиот Втор президиум како претседател на Врховниот суд.

По Втората светска војна, во периодот 1946-1948 година, тој е првиот југословенски амбасадор во Белгија и Луксембург. На оваа должност останал три години, до 1948 година, кога бил отповикан од амбасадорската функција.

По Резолуцијата на Информативното биро од јуни 1948 година, иако отворено не ја напаѓал Комунистичката Партија на Југославија, Анастасов бил деградиран во помошник министер на македонското министерство за труд. Во 1949 година бил уапсен и обвинет како инфорбировец и казната од пет години ја издржувал во логорот Голи Оток, каде останал до 1954 година. Иако причината не била наведена, се сметта дека тој бил остранет поради конфликт со Лазар Колишевски, бидејќи не ја прифатил неговата оценка дека Методи Шаторов е предавник. Исто така, се наведува уште една причина, неговите врски со советските разузнувачки служби.

THIS DOCUMENT CONTAINS INFORMATION AFFECTING THE NATIONAL DEFENSE OF THE UNITED STATES WITHIN THE MEANING OF ESPIONAGE ACT 50 U. S. C., 31 AND 32, AS AMENDED. ITS TRANSMISSION OR THE REVELATION OF ITS CONTENTS IN ANY MANNER TO AN UNAUTHORIZED PERSON IS PROHIBITED BY LAW. REPRODUCTION OF THIS FORM IS PROHIBITED.

THIS IS UNEVALUATED INFORM

SOURCE Napred, No 7, 1949 /anti-Tito emigre newspaper/.

PRO-SOVIET COMMUNISTS
ARRESTED IN MACEDONIA

Pavel Satev. Seventy years old, well-known fighter for the future of the Macedonian people. He participated in the Saloniki affair of 1903, and as a result was sentenced to 101 years and exiled to Africa.

After the liberation of Macedonia, Satev became Minister of Justice and member of the Presidium of the People's Skupstina of Macedonia. Because of hi great love for the USSR, as well as because of his criticism and protests agai the present Macedonian leaders for their anti-Soviet and anti-Bulgarian policy and the terror which they are conducting in Macedonia, he was arrested in 194 but after protests of citizens he was freed. Now this brilliant fighter is again in the Rankovic-Uzunovski torture chambers.

Mire Anastasov. Faithful son of the working class and the Macedonian people. He is well known among the younger generation of Macedonian Communis as a fearless fighter against Titoism and for lasting friendship with the Sovi Union and the Bulgarian people. About 40 years old, he has fought for more th 25 years in the ranks of the working class. In prewar Yugoslavia, he was arre many times, beaten, sentenced, to long imprisonment, and held in the notorious

RESTRICTED



Подготвил: Т.К.